*Република Северна Македонија*
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА***
*Бр.*
*____________2019 година*
*Скопје*

*Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година, **по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски** ја донесе следната:*

## *О Д Л У К А*
## ***за јавна набавка***

*1.За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе постапка – постапка од мала вредност за доделување на договор за јавна набавка на услуги и тоа: набавка на услуга за тековно одржување и сервисирање на опрема за греење/ладење, климатизација, вентилација на објектот на Министерство за правда.*

*1.1.Предмет (вид) на набавка: набавка на услуга за тековно одржување и сервисирање на опрема за греење/ладење, климатизација, вентилација на објектот на Министерство за правда.*

*1.2. Предметот на набавка **е неделлив.***
*Поради природата на предметот и целисходнаста на постапката предметот на набавката е неделив.*

*2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 305.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 54.900,00 денари или вкупна вредност со вклучено ДДВ изнесува 359.900,00 денари*

*Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 424, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2019 година.*

*3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка*

*Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-692/1 од 28.01.2019 година и Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 01-2531/1 од 14.05. 2019 година на Министерство за правда потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги за тековно одржување и сервисирање на опрема за греење/ладење, климатизација и вентилација на објектот на Министерство за правда.*

*Предметот на набавка е не деллив.*

*Поради природата на предметот и целисходнаста на постапката предметот на набавката е неделив.*

*Се задолжува комисијата да ја спроведе постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки*

*Доставено до:*

- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

*МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА*

*По овластување на Министер за правда*

*Заменик Министер*

*Оливер Растовски*

*Подготвил: Маја Стефковска Панева , Раководител на одделение*